Се бара јунак

Продолжение од стр. 1

Иако под голем притисок од очекувањата на домашната јавност и на меѓународната заедница, истрагите за овие случаи во рамките на редовното правосудство не дадоа резултат, а беа изнесени и сомневања во капацитетот на правосудните органи да се справат со толку сложени предмети, меѓупартискиот договор со кој формално ѝ беше ставен крај на долготрајната политичка криза во земјава, познат како Договорот од Пржино, барем според она што досега беше изнесено во јавност, меѓу другото, предвиде формирање тело „специјален обвинител", чија задача би била да ги расчисти сомневањата што произлегоа од споменатите случаи. Но претставниците на четирите најголеми партии- потписнички на договореното, по неколкумесечните преговори, наводно успеале да ги доближат ставовите само во однос на законската рамка, односно да има измени во постојните закони, а не и да се носи нов закон за специјален обвинител. Разлики сè уште биле присутни за тоа дали специјалниот обвинител треба да има заменици или, пак, само тим од стручни соработници, дали треба да се формира и специјален суд во кој евентуално ќе се процесираат овие случаи или тоа треба да оди преку редовните судови...

ДАЛИ ЌЕ ИМА ЕФЕКТИ?

Во пошироката јавност дилемите сè уште повеќебројни, а најголемата и клучна во случајов е дали од сето тоа ќе има ефект. Колку е реално да се очекува дека еден човек, па дури и кога тој ќе биде наречен „специјален обвинител", со тимот на заменици или стручни соработници собрани во орган именуван како „специјално обвинителство", кој допрва треба да се формира, ќе може да се справи со она што не успеа систем граден долги години? Стручната јавност во земјава е поделена, како во однос на издржаноста на овој „политички проект", така и во однос на очекувањата од него.

- Искрено се надевам дека специјалното обвинителство ќе профункционира. Но сметам дека за такво нешто обвинителот ќе мора да има и свои заменици, бидејќи сам не ќе може да дејствува. Тоа, особено, е важно ако се има предвид дека, за разлика од нашата ситуација, на владејачките гарнитури во другите земји им беше во интерес специјалниот обвинител да функционира. Кај нас таквото решение за актуелната власт е како наметнато дете, нешто што треба да се абортира. Затоа очекувам дека тој уште во старт ќе се соочи со голем број предизвици. Освен тоа, има многу непознаници и многу е тешко да се предвиди како ќе се развиваат работите понатаму. А се разбира дека сето тоа ќе беше непотребно доколку не беше на сиот ниво на општество. Но штом сме тука каде што сме, останува само да се надеваме дека специјалниот обвинител ќе профункционира и дека ќе има позитивни ефекти од неговото работење - вели скопскиот адвокат Александар Тортевски.

Дека посебните ситуации, како што вели, во даден момент носат потреба и од специјални решенија согласна е и судијката во Европскиот суд за човекови права Мирјана Лазарова-Трајковска.

- Поводот за пристапување кон вакво решение се силно изразената недоверба во работата на јавниот обвинител и пасивниот однос во момент кога се очекувала негова реакција. Специјалниот обвинител е нов пристап за кој се договориле потписниците на политичкиот договор, кој можеби ќе биде од привремен карактер, но мора да се постават цврсти столбови што ќе ги гарантираат неговата самостојност и независност. Сметам дека најдобро решение е ако специјалниот јавен обвинител се извлече од редот на јавното обвинителство или од судството. Не прифаќам искази дека сите судии и обвинители се подложни на влијанија. Јас знам дека меѓу луѓето во обвинителството има професионалци со интегритет, кои со години вложувале, се граделе во професијата. Покрај тоа, таков профил на личност најбрзо ќе регрутира тим од еднакво квалитетни помошници околу себе. На таа институција ќе ѝ требаат и општа прифатеност и јавна поткрепа за да може да одговори на мандатот што ќе го добие - објасни неодамна Лазарова-Трајковска.

МНОГУ НЕПОЗНАНИЦИ И ДИЛЕМИ

Паралелно со овие согледувања, во стручната јавност беа посочувани уште многу непознаници и дилеми во однос на оваа тема. Како прва проблематична работа пред сè се посочува тоа дека четворица лидери на партии што преговараат немаат легитимитет да решаваат за специјалниот обвинител, бидејќи Македонија, како што велат, во оваа ситуација е доведена токму поради нив. Освен тоа, за многумина се нејасни и нивните намери, поради што се бара во договарањето на решенијата да бидат вклучени стручната јавност, другите политички партии и невладиниот сектор. Второто големо прашање е кој би се нафатил да го работи тоа ако го има предвид искуството на професорот Борче Давитковски со анкетната комисија за истражување на случувањата од „црниот понеделник", на 24 декември пред неколку години. Нејасна е правната рамка, односно до каде треба да се оди со измените на законите за да се дефинираат мандатот и надлежностите на обвинителот, како и неговиот тим и ресурсите. Сето тоа изгледа уште покомплицирано кога се знае дека во рамките на редовното јавно обвинителство постои и јавно обвинителство за организиран криминал. Тука се наметнува прашањето што ќе прават трите паралелни обвинителства, како ќе се разграничуваат надлежностите. Како ќе се надминуваат можните опструкции кон работата на специјалниот обвинител? Уште понејасно е зошто во ситуација кога од материјалите што треба да бидат истражени произлегуваат индиции за масовно прекршување на човекови права и на меѓународното право, досега не се активирани меѓународни механизми за заштита на конвенциите чиј потписник е Македонија? Ако на сето тоа му се додадат и најновите барања во доменот на истрагата на специјалниот обвинител да бидат „втурнати" и аферата „Телеком" и уште некои други, тогаш нужно се наметнува заклучокот дека тоа би можело да биде борба на Давид против Голијат. Или, во најмала рака, би можела да се преслика ситуацијата со народниот правобранител, кој со години само се жали дека му недостигаат пари за нормално функционирање, дека другите институции и органи на државната управа не соработуваат, па дури и дека му ги саботираат активностите. Но какви се искуствата во другите земји? Специјалните обвинителства за кривичните дела корупција и организиран криминал се меѓународен и регионален тренд. Постарите членки на ЕУ имаат специјализирани институции за решавање на сложените кривични дела, кои се Обвинителството за борба против мафијата во Италија, Канцеларијата за сузбивање на корупција во рамките на Државното обвинителство во Шпанија, Канцеларијата за сериозни измами во Велика Британија... Од земјите во регионот, Хрватска, Словенија, Србија и Црна Гора, на пример, имаат специјализирани обвинителства за кривичните дела организиран криминал и корупција.

КАКО Е ВО ЦРНА ГОРА

- Споредбените искуства говорат дека самото основање на специјалните обвинителства не гарантира брзи и големи резултати. Патот до поголеми и позначителни резултати зависи од голем број внатрешни и надворешни фактори, а за први видливи ефекти е потребно време. Клучните предизвици за работењето на специјалните обвинителства се начинот на именувањето на лицата што ќе раководат со обвинителствата, дефинирањето оптимален број обвинители и нивни заменици, траењето на нивните мандати, прецизното определување на односите помеѓу специјалните и редовните обвинителства, на соработката со полицијата и со други органи на државата, усогласувањето на сите неопходни прописи, ефикасниот пристап до базите на податоците, квалитетниот стручен кадар и административен персонал, соодветните просторни услови, добрата мотивација на вработените, силните мерки за безбедносна проверка на ангажираните... За успешен почеток на работењето на специјалниот обвинител е потребна и широка општествена согласност во однос на именувањето на челните луѓе, но и реални очекувања од првата фаза на неговото работење. Од досегашните искуства може се забележи дека во почетокот, во период од една до две години, нема сериозни резултати и затоа е потребно тој период да не се користи како изговор за забавување или за стопирање на работењето на обвинителството - објаснува Стево Мук, претседател на управниот одбор на црногорскиот институт на алтернативи, невладина организација што се занимава со истражување и анализа на јавната политика и со мониторинг на јавната управа.

Фото: Маја Јаневска-Илиева

Инаку, Црна Гора од јули 2004 година има именувано специјален обвинител за организиран криминал и корупција. Специјалниот обвинител го именува Советот на обвинители по предлог на главен државен обвинител. Тој претходно имал двајца, а сега има седум заменици. Идејата за востановување на оваа функција ја лансирал тогашниот министер за надворешни работи на Словачка Мирослав Лајчак.

Тамошното искуство, според претседателот на Адвокатската комора на Црна Гора Здравко Беговиќ, е позитивно.

- Гледајте, самата појава на специјалниот обвинител и на неговите заменици внесува немир и страв кај тие што се занимаваат со криминалот и со корупцијата, но и кај потенцијалните чинители на таквите дела. Јасно дека почетоците се тешки, но јас како адвокат сум задоволен од ефектите што се постигнати со дејствувањето на специјалното обвинителство - изјави Беговиќ.

ИСКУСТВОТО НА СРБИЈА

Слична е ситуацијата и во Србија, чие искуство го пренесува белградскиот адвокат Небојша Перовиќ.

- Во рамките на Републичкото јавно обвинителство во Србија постојат обвинителства со посебни надлежности, а тие се Обвинителството за организиран криминал и Обвинителството за воени злосторства. Кривичните постапки што ги водат обвинителствата со посебни надлежности, се процесираат пред посебното одделение на Апелациското суд во Белград. Во народот и во медиумите затоа се прифатени изразите „специјален суд" и „специјално обвинителство", иако становата збор за редовен суд, и тоа повисок, кој има посебни одделенија, и тоа Одделение за организиран криминал и Одделение за воени злосторства. Специфичноста на Обвинителството за организиран криминал во Србија во однос на другите обвинителства е во условите за неговото работење, заработката што ја остваруваат обвинителите и угледот што го имаат во јавноста. Во рамките на полицијата пак, постои СБПОК (Служба за борба против организираниот криминал), која претставува елитна криминалистичка полиција во Србија во секој поглед, и во опреметоста и во соработката со полициите на другите држави. Припадниците на СБПОК во изминативе неколку години беа обучувани од ФБИ и од другите странски полиции, беа на обуки во други земји и ги користат методите на развиените земји. СБПОК соработува и со Специјалното обвинителство. Специјалниот суд и специјалното обвинителство беа формирани според примерот на италијанското правосудство, поради што и една судница во зградата на специјалниот суд е наречена по италијанскиот судија Џовани Фалконе, кој беше убиен од мафијата. Мислам дека специјалното обвинителство не може да функционира без специјалниот суд од повеќе причини: брзината на судењето, посветеноста со која судијата ќе му пристапи на предметот зашто, во случајов, станува збор за мал број предмети и судијата може полесно да работи. Многу е важно судиите да бидат слободни, заштитени и материјално обезбедени, што е и смисла на специјалниот суд. Секако дека има ефект зашто луѓето од редовните обвинителства не се ниту опремени, ниту доволно мотивирани за борба против таканаречениот висок криминал - објаснува белградскиот адвокат Небојша Перовиќ.

Без оглед на искуствата и очекувањата, па дури и од подготвеноста на политичките партии да го реализираат договорот, неодамнешната порака на евроамбасадорот во земјава Аиво Орав е јасна: „Не постои план Б во однос на обврската за избор на специјалниот обвинител што треба да се случи до 15 септември".

Стево Мук

Од досегашните искуства може се забележи дека во почетокот, во период од една до две години, нема сериозни резултати

Здравко Беговиќ

Самата појава на специјалниот обвинител внесува немир и страв кај тие што се занимаваат со криминалот и со корупцијата

Александар Тортевски

Очекувам дека тој уште во старт ќе се соочи со голем број предизвици

Мирјана Лазарова-Трајковска

Не прифаќам искази дека сите судии и обвинители се подложни на влијанија

Небојша Перовиќ

Многу е важно судиите да бидат слободни, заштитени и материјално обезбедени, што е и смислата на специјалниот суд